**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 48 став (1) алинеја 9 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25 и 258/25), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ, НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ И ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ СТРУЧНИ ИСПИТИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на регистрација на возила во правните лица за регистрација на возила, формата и содржината на уверението за положен испит, формата и содржината на образецот на лиценцата за положен испит, начинот на работа на Комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испит од страна на Комисијата.

## II. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА

### Член 2

(1) Стручниот испит за оспособеност за извршување на работи на регистрација на возила (во натамошниот текст: стручниот испит) се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи.

(2) Стручниот испит од ставот (1) на овој член, се полага пред Комисија за спроведување на стручниот испит формирана од страна на министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: комисијата).

### Член 3

Стручниот испит се полага по електронски пат или во хартиена форма, на претходно изготвен тест од страна на комисијата.

### Член 4

Тестот за полагање на стручен испит содржи 30 прашања со три понудени одговори од кои еден е точен, а два се неточни.

Член 5

(1) Базата на прашања за полагање на стручниот испит ги подготвува Комисијата, според програмата за полагање на стручниот испит.

(2) Точните одговори на прашањата од тестот се вреднуваат со бодови зависно од содржината и сложеноста на прашањето.

Член 6

При полагање на стручниот испит по електронски пат, електронскиот систем генерира различни тестови.

Член 7

(1) Полагањето на стручниот испит започнува со поднесување барање, за полагање на стручен испит за регистрација на возила од страна на кандидатот до Комисијата.

(2) Барањето за полагање на стручен испит е изработено на хартија во бела боја на А4 формат.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член е дадено во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Во просторијата за полагање на стручен испит, за време на полагањето присутни се претседателот, двајцата членови од областа на возила и еден претставник од надлежната организациска единица за информатика и телекомуникации.

Член 9

Пред да започне полагањето на стручниот испит претставник од комисијата дава појаснување за негово решавање.

Член 10

Прашањата содржани во тестот од членот 4 од овој правилник, кандидатот треба да ги одговори во рок од 60 минути од почетокот на спроведувањето на стручниот испит.

Член 11

(1) Кандидатот може да го одложи стручниот испит од оправдани причини, најдоцна 48 часа пред почетокот на испитот.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, од страна на кандидатот може да се одложи стручниот испит и во период пократок од периодот од ставот (1) на овој член, за што доставува соодветна документација (потврда, уверение и сл.) до Комисијата.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, за новото пријавување на стручниот испит, кандидатот не ги плаќа трошоците поврзани со полагање на стручниот испит.

(4) Доколку кандидатот не го одложи стручниот испит согласно ставот (1) на овој член и доколку не достави соодветна документација за случаите од ставот (2) на овој член или се откаже од полагање на веќе започнатиот стручен испит, ќе се смета дека истиот не го положил стручниот испит.

(5) Кандидатот кој во текот на полагањето на стручниот испит користи учебници, белешки, мобилен телефон и слично, се отстранува од испитот.

(6) Во случаите од ставот (5) на овој член, се смета дека кандидатот не го положил стручниот испит и истото се констатира во записникот за полагање на стручниот испит.

Член 12

(1) Стручниот испит го положил кандидатот кој точно одговорил над 70% од вкупниот број предвидени точни одговори.

(2) За резултатите од полагањето на стручниот испит во електронска форма, кандидатите ќе бидат известени веднаш по завршување на испитот.

Член 13

Во случај кога единствениот електронски систем за полагање на испитот не е во функција како резултат на настани кои не можеле да се предвидат, а поради крајна итност за да не дојде до застој во континуираното вршење на работите истиот ќе се спроведе во хартиена форма.

Член 14

Кандидатот кој не го положил испитот може повторно да полага во рок од 30 дена од денот на добивање на резултатите од испитот врз основа на ново поднесено барање.

Член 15

Стручните и административните работи за потребите на спроведување на стручниот испит се вршат од страна на Министерството за внатрешни работи, а испитот се спроведува во Центарот за обука во Министерството за внатрешни работи во просторија за полагање на испит, посебно опремена со материјално-техничка и информатичка опрема.

Член 16

(1) Материјалите од одржаните испити, хартиените верзии од тестовите, решение за одбивање за полагање на стручниот испит и специмените за проверка на точноста на одговорите на тестот се чуваат две години.

(2) Снимките од одржаните испити се чуваат три месеци во Министерството за внатрешни работи.

Член 17

На барање на кандидатот кој полагал стручен испит, Комисијата може да му овозможи непосреден увид во тестот.

## III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ

Член 19

(1) Уверението за положен стручен испит е изработено на хартија во бела боја на А4 формат и се изработува во два примерока, од кои еден примерок за кандидатот, а другиот примерок останува кај комисијата.

(2) Уверението од ставот (1) на овој член, е дадено во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

## IV. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА

Член 20

(1) Кандидатот поднесува барање за издавање на лиценца за извршување на работи на регистрација на возила.

(2) Барањето за лиценца е изработен на хартија во бела боја на А4 формат.

(3) Барањето од ставот (1) на овој член е дадено во Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 21

(1) Лиценцата за положен стручен испит е изработена на тврда картонска хартија во правоаголна форма на А4 формат.

(2) Во позадина на лиценцата од ставот (1) на овој член отпечатено е знамето на Република Северна Македонија.

(3) Лиценцата за положен стручен испит на регистрација на возила од ставот (1) на овој член е даден во Прилог бр. 4 кој е составен дел на овој правилник.

## V. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ПОТВРДАТА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО

Член 22

(1) Кандидатот поднесува барање за издавање потврда за обновување на знаењето до Комисијата по истекот на две години од издавањето на уверението.

(2) Потврдата за обновување на знаењето се добива со повторно полагање на стручниот испит согласно важечките правни прописи во тој период.

(3) Барањето за обновување на знаењето е изработен на хартија во бела боја на А4 формат.

(4) Барањето од ставот (1) на овој член, е дадено во Прилог бр. 5, кој е составен дел од овој правилник.

Член 23

(1) Потврдата за обновување на знаењето е изработена на хартија во бела боја на А4 формат и се изработува во два примерока, од кои еден примерок за кандидатот, а другиот примерок останува кај комисијата.

(2) Потврдата за обновување на знаењето од ставот (1) на овој член е дадено во Прилог бр. 6, кој е составен дел од овој правилник.

## VI. НАЧИН НА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 24

Комисијата ги известува кандидатите од членот 7 од овој правилник, за денот, времето и местото на спроведување на стручниот испит најдоцна 30 дена од денот на приемот на барањето за полагање.

Член 25

Пред почеток на полагање на стручниот испит членовите на комисијата го утврдуваат идентитетот на пријавените кандидати со увид во документ за лична идентификација.

Член 26

(1) На денот на полагањето на стручниот испит, од страна на Комисијата се дава на кандидатот му се дава корисничко име и лозинка со која се одобрува пристапот во електронскиот систем.

(2) По добивање на пристап, кандидатот добива електронски тест, компјутерски генериран, чија содржина, по принцип на случаен избор, ја определува софтверот на електронскиот систем.

(3) Тестот од ставот (2) на овој член, содржи упатство за начинот на решавање на истиот, за кое комисија дава појаснување, пред да започне полагањето на испитот.

Член 27

(1) Во случај на спреченост на спроведување на стручниот испит, поради причини што доведуваат до техничка неможност на функционирање на електронскиот систем, испитот се прекинува.

(2) Доколку причините од ставот (1) на овој член, се отстранат најдоцна 60 минути од прекинувањето на испитот, истиот се продолжува веднаш по нивното отстранување.

(3) Доколку причините од ставот (1) на овој член, не се отстранат во периодот од ставот (2) на овој член, испитот не се спроведува и се презакажува за друг термин.

Член 28

По завршувањето на стручниот испит системот генерира извештај-записник за спроведен стручен испит, кој го потпишува комисијата.

Член 29

(1) Комисијата во полн состав, ги разгледува и оценува тестовите од член 27 став (2) од овој правилник.

(2) По оценувањето на тестовите од ставот (1) на овој член, сите членови на комисијата го потпишуваат секој тест на кандидатите.

(3) Со резултатите од полагањето на стручниот испит во хартиена форма, кандидатите ќе бидат известени веднаш по извршеното оценување од страна на комисијата.

Член 30

(1) Комисијата пополнува записник за спроведен испит во хартиена форма идентичен на записникот за спроведен стручен испит во електронска форма.

(2) Записникот е даден во Прилог бр. 7, кој е составен дел од овој правилник.

## VII. ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ

Член 31

(1) Стручниот испит се полага согласно Програмата за полагање на стручниот испит, која е дадена во Прилог бр. 8, кој е составен дел од овој правилник.

(2) Програмата за полагање на стручен испит содржи прашања од законите и подзаконските акти што ја регулираат соодветната материја.

## VIII. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ СТРУЧНИ ИСПИТИ ОД СТРАНА НА КОМИСИЈАТА

Член 32

(1) Комисијата води евиденција за спроведен стручен испит и за издадени уверенија, евиденција за издадени потврди за обновување на знаење и евиденција за издадени лиценци.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член се водат во посебни регистри, во хартиена форма.

Член 33

Регистарот за спроведени стручни испити и издадени уверенија е даден во Прилог бр. 9, кој е составен дел на овој правилник.

Член 34

Регистарот за лиценци е даден во Прилог бр. 10, кој е составен дел на овој правилник.

Член 35

Регистарот за издадени потврди за обновување на знаење е даден во Прилог бр. 11, кој е составен дел на овој правилник.

Член 36

Регистрите од членот 33 од овој правилник, се чуваат како документи согласно прописите за канцелариско и архивско работење.

## IX. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Со влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и постапката на полагање на стручниот испит за оспособеност за извршување на работите на регистрација на возила во правните лица за регистрација на возила, формата и содржината на образецот на потврдата за положен испит, начинот на работа на комисијата за спроведување на стручниот испит и програмата за полагање на стручниот испит, како и начинот на водење на евиденцијата за спроведените стручни испити од страна на комисијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/09).

Член 38

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 март 2026 година.

Бр. 13.1.1-21439/1
30 јануари 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# Б А Р А Њ Е

**ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА**

Подносител на барањето

Име ____________________________________________

Татково име ____________________________________

Презиме ________________________________________

Датум на раѓање _______________________________

Матичен број на граѓанинот____________________________________

Живеалиште и адреса __________________________

---

**ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:**

1. Доказ за општа психофизичка здравствена способност;
2. Потврда од казнената евиденција дека лицето не е осудувано;
3. Доказ за завршено средно образование (заверен на нотар);
4. Потврда (сертификат) за основно познавање од областа на информатика;
5. Доказ за платени трошоци за полагање на стручен испит и трошоци за административна такса;

**Согласност за обработка на лични податоци:**

Со поднесување на ова барање, подносителот се согласува дека неговите лични податоци ќе се обработуваат и чуваат исклучиво за потребите на постапката за издавање на лиценца, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (*) и други применливи законски прописи.

---

---

Податоци за контакт _____________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

---

| _______________________________ | _______________________________ |
| --- | --- |
| Датум и место | Барател |

**Прилог бр. 2**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

број ____________

датум

Скопје

Врз основа на член 30-г став (1) од Законот за возила, комисијата формирана од министерот за внатрешни работи, издава

# *УВЕРЕНИЕ*

## *ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ*

___________________________________

(име, татково име и презиме на кандидатот)

роден/а на ___________год., во ______________________________________

(датум) (место и држава на раѓање)

од ______________________________

(место на живеење)

на ______________________________

(ден, месец и година на одржување на стручниот испит

**ГО ПОЛОЖИ СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА**

Претседател на комисијата

____________________

(М.П)

Прилог бр. 3

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# Б А Р А Њ Е

**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА**

од ______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

(податоци за подносителот на барањето, име, татково име и презиме, ден месец и година на раѓање, место на раѓање, матичен број, живеалиште и адреса)

**Причини за поднесување на барање за издавање на лиценца:**

I.Издавање на лиценца за извршување на работи на регистрација на возила;

II.Издавање на лиценца за извршување на работи на регистрација на возила поради губење на лиценцата, поради изгубена, уништена или оштетена лиценца;

III. Издавање на лиценца за извршување на работи на регистрација на возила, поради промена на лично име или друг податок на подносителот на барањето.

**ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:**

1. Писмена изјава за изгубена, уништена или оштетена лиценца за извршување на работи на регистрација на возила во постапката од точка II.
2. Доказ за извршена промена на лични податоци или важечка лична карта за постапката од точка III.
3. Доказ за платени трошоци за административна такса и трошоци за образецот на лиценца за извршување на работи на регистрација на возила.

Бр. на постоечка лиценца: ____________________________

**Согласност за обработка на лични податоци:**

Со поднесување на ова барање, подносителот се согласува дека неговите лични податоци ќе се обработуваат и чуваат исклучиво за потребите на постапката за издавање на лиценца, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (*) и други применливи законски прописи.

---

Податоци за контакт ______________________________

Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

______________________________ ______________________________

**Датум и место** **Барател**

**Прилог бр. 4**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 30-г став (2) од Законот за возила, министерот за внатрешни работи издава

# Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ

**Број на лиценца**

______________________________

на лицето ________________________________ роден/а на ____________________ година

(име, татково име и презиме)

________________________

Датум и место на издавање

__________________________________

Министер за внатрешни работи

М. П.

МК0000000

Прилог бр. 5

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО

Подносител на барањето

Име _____________________________________________

Татково име ____________________________________

Презиме ________________________________________

Датум на раѓање _________________________________

Матичен број на граѓанинот___________________________________

Живеалиште и адреса __________________________

---

**ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО:**

1. Доказ за положен стручен испит (Уверение);
2. Доказ за општа психофизочко здравствена способност;
3. Потврда од казнената евиденција дека лицето не е осудувано;
4. Доказ за платени трошоци за потврда за обновување на знаење и трошоци за административна такса;

**Согласност за обработка на лични податоци:**

Со поднесување на ова барање, подносителот се согласува дека неговите лични податоци ќе се обработуваат и чуваат исклучиво за потребите на постапката за издавање на лиценца, во согласност со Законот за заштита на личните податоци (*) и други применливи законски прописи.

---

---

Податоци за контакт _____________________________
Потпис на службеното лице кое го примило барањето ______________________________

---

| _________________________ | _________________________ |
|---|---|
| Датум и место | Барател |

**Прилог бр. 6**

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Број ______________

Врз основа на член 30-г став (3) од Законот за возила, комисијата формирана од министерот за внатрешни работи издава:

# ПОТВРДА

## за обновување на знаењето

________________________________________ роден-а __________________________

(име, татково име и презиме на кандидатот) (датум, место на раѓање)

од __________________________________ го обнови знаењето за извршување на

(живеалиште, престојувалиште)

работи на регистрација на возила .

________________________ ________________________

Датум и место на издавање Претседател на комисијата

М.П

Прилог бр.7

Датум и време на почеток:

# Записник за спроведен стручен испит

| Број на пријавени кандидати | Број на кандидати кои положиле | Број на кандидати кои не положиле | Број на кандидати кои не се јавиле на испит |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Име и презиме | Степен на образование | Процент на точни одговори | Датум на раѓање | Надлежна ОЕ | Датум и време на почеток | Датум и време на завршување | Обид | Статус | Коментар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Коментар

**Датум**

_________________________

**Комисија**

_________________________

_________________________

_________________________

_________________________

_________________________

Прилог бр.8

ПРОГРАМА ЗА ПОЛАГАЊЕ

НА СТРУЧЕН ИСПИТ

Правна регулатива

1.Закон за општа управна постапка

Глава 1- општи одредби

Глава 2 – основни начела

Глава 3 – надлежност

Глава 4 – овластено службено лице

Глава 5 – управна соработка

Глава 6 – странката и нејзиното застапување

Глава 7 – комуникација помеѓу јавните органи и странките

Глава 8 – рокови и враќање во поранешна состојба

Глава 9 – тек на постапката

Глава 10 – трошоци на постапката

Глава 11 – известување и достава

Глава 12 – управни дејствија

Глава 13 – правни лекови

Глава 14 – вонредни случаи на укинување и поништување на управни акти

Глава 15 – извршување

2. Закон за возила

Глава 1 – општи одредби

Глава 2 – услови за пуштање на пазар и почеток на користење на производите

Глава 3 – регистрација на возила

Глава 4 – техничка исправност на возилата

Глава 5 – втор дел (правно лице за технички преглед)

Глава 6 – регистар на возила

Подзаконски акти за:

-начин и постапка за регистрација на возила

-начин и постапка на одјавување на возила

-форма и содржина на обрасците на сообраќајна дозвола и потврда за пробно возење, како и начинот на нивно издавање

-форма и содржина на печатот со кој се врши заверка на извршената регистрација на возилото во сообраќајна дозвола на возилото

-форма и содржина на регистарските таблици и на пробни таблици на возилата како и начинот и постапката на нивно издавање

- технички преглед на возила

- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на потврда за пробно возење, формата и содржината на обрасците на сообраќајната дозвола и на потврдата за пробно возење, како и начинот на пополнување на образецот на потврдата за пробно возење и постапката на нивно издавање

- формата и содржината на образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата како и начинот и постапката на нивното издавање

- регистрациони подрачја за возилата и нивни ознаки

- поблиски услови во однос на просторот, опремата, кадрите, формата, содржината и начинот на водење на евиденција за издадени потврди за пробно возење и пробни таблици од страна на правните лица овластени за вршење на технички преглед на возила и на правните лица кои пуштаат возила на пазар, доколку издаваат потврди за пробно возење и пробни таблици,

- висината на трошоците во постапката за издавање на регистарски таблици во рамките на реално потребните трошоци за нивно издавање

-форма и содржина на налогот за пробно возење, начин на издавање и користење на налогот за пробно возење и користење на возило со пробна преносива метална таблица, како и форма и начин на водење на евиденција за нивно издавање

- висината на трошоците во постапката за издавање на регистарски таблици

Регистар за спроведени стручни испити и издадени уверенија

Прилог бр. 9

| Реден број | Архивски број | Име, татково име и презиме | Датум и место на раѓање | Живеалиште/ престојувалиште | Датум на полагање на стручниот испит | Резултат | Датум и место на издавање на уверението | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Регистар за лиценци

Прилог бр. 10

| Реден број | Број на лиценца и датум на издавање | Сериски број на лиценца | Име, татково име и презиме | Датум и место на раѓање | Живеалиште/ престојувалиште | Датум на одземање на лиценца | Времетраење на забрана за работа | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

Регистар за издадени потврди за обновување на знаење

Прилог бр. 11

| Реден број | Архивски број | Име, татково име и презиме | Датум и место на раѓање | Живеалиште/ престојувалиште | Датум на полагање за обновување на знаењето | Датум и место на издавање на потврда | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |